СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 164/2021
Дата..........16-02-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Кочани, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5 - Хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково, Општина Кочани.**

Површината на планскиот опфат изнесува 20,3 ha. Површината на планскиот опфат за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 19,9 ha.

За останатиот дел од планскиот опфат со површина од 0,4 ha, издадени се Услови за планирање на просторот за изработка на:

– Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелски комплекс на КП 210, КП 211 и 212, м.в. Шарена Чешма, КО Пашаџиково, Општина Кочани, со техн. бр. Y 11815 и за истите Министерство за животна средина и просторно планирање има издадено Решение бр. 15-3253/4 од 22.05.2015 год.

Се задолжува изработувачот на планот при изработка на Урбанистички план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5 - Хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково, Општина Кочани да ја почитува намената на просторот за кој се издадени горенаведените Услови за планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk